**1408.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА УПРАВА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за Царинската управа,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 4 септември 2007 година.

Бр. 07-3798/1
4 септември 2007 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА УПРАВА

Член 1

Во Законот за Царинската управа (“Службен весник на Република Македонија“ број 46/2004 и 81/2005), во членот 2 по точката 10 се додава нова точка 11, која гласи:

“11) Царински прекршоци се прекршоци утврдени со овој закон, Царинскиот закон, Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост и/или други закони со кои одредени прекршоци се дадени во надлежност на Царинската управа.“

Член 2

Во членот 10 точката 5 се менува и гласи:

“5) водење на прекршочна постапка, изрекување на прекршочна санкција и посебна прекршочна мерка за сторен царински прекршок, согласно со закон, како и поведување на постапка по кривични дела утврдени со закон;“.

Член 3

По членот 10 се додава нов член 10-а, кој гласи:

“Член 10-а

(1) За водење на прекршочна постапка и изрекување на прекршочна санкција и посебна прекршочна мерка за сторен царински прекршок, исклучива надлежност има царинскиот прекршочен орган.

(2) Царински прекршочен орган од ставот (1) на овој член е Царинската управа, а постапката пред прекршочниот орган ја води Комисија за одлучување по прекршок.

(3) Претседателот и членовите на Комисијата од ставот (2) на овој член се царински службеници, дипломирани правници, а претседателот е дипломиран правник со положен правосуден испит.

(4) Комисијата од ставот (2) на овој член е посебна организациона единица на Царинската управа определена со актот од членовите 11 и 51 став (2) на овој закон. За претседателот и членовите на оваа Комисија соодветно се применуваат одредбите на членот 67 став (3) од овој закон.

(5) Со актот од ставот (4) на овој член се определува и начинот на работа и постапката при донесувањето на одлуките на Комисијата од ставот (2) на овој член.

(6) Комисијата од ставот (2) на овој член постапувајќи во прекршочна постапка ги применува и своите одлуки ги донесува согласно со Законот за прекршоците и Законот за општата управна постапка.“

Член 4

По членот 28 се додава нов член 28-а, кој гласи:

“Член 28-а

(1) По откривање на царински прекршок царинскиот службеник е должен да состави записник во кој ги забележува битните елементи на дејствието од кое произлегува правното обележје на прекршокот, времето, местото и начинот на сторувањето, описот на дејствието и лицата затекнати на самото место. Записникот го потпишува царинскиот службеник и сторителот.

(2) Царинскиот службеник веднаш по составување на записникот од ставот (1) на овој член на сторителот ќе му врачи покана за плаќање на глоба, а на сторителот кој ќе го признае царинскиот прекршок што му се става на товар ќе му издаде платен налог, согласно со закон. Приемот на поканата или платниот налог сторителот го констатира со свој потпис.

(3) Ако сторителот не ја плати глобата од поканата и налогот од ставот (2) на овој член во рок од осум дена од денот на приемот, царинскиот службеник е должен веднаш да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до Комисијата утврдена во членот 10-а на овој закон.

(4) Царинскиот службеник е должен да го спречи секое заминување заради престој во странство на сторител кој нема веднаш да ја плати изречената глоба со презентирање на потврда за платена глоба. За оваа цел царинскиот службеник може привремено да ги одземе патната и возачката исправа, но најдолго 30 дена, за што издава потврда пропишана со членот 37 став (5) од овој закон.

(5) Министерот за финансии ја пропишува формата и содржината на записникот од ставот (1) на овој член, како и формата и содржината на поканата и платниот налог од ставот (2) на овој член.“

Член 5

Во член 67 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

"(4) Специфичните работни места од ставот (3) на овој член , ги определува Владата на Република Македонија."

Ставовите (4) и (5) стануваат ставови (5) и (6).

Член 6

Во членот 73 став (5) во втората реченица зборовите: "во рок од една година од денот на сторување на повредата“ се заменуваат со зборовите: “најдоцна до истекот на роковите за застареност утврдени во Кривичниот законик, за стореното кривично дело“.

Член 7

Во насловот на Главата IX зборот "КАЗНЕНИ" се заменува со зборот "ПРЕКРШОЧНИ".

Член 8

Во членот 77 став (1) зборовите: "Со парична казна од 100.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок” се заменуваат со зборовите: “Глоба во износ од 200 до 50.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на”.

Во ставот (2) зборовите: "Со парична казна од 5.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок од ставот (1) на овој член и" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на".

Во ставот (3) зборовите: "Со парична казна од 1.000 до 40.000 денари ќе се казни прекршокот од ставот (1) на овој член извршен од" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 50 до 500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член на".

Член 9

Во членот 78 став (1) зборовите: "Со парична казна од 5.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на".

Ставот (2) се менува и гласи:

"Глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на поштански службеник кој се однесува спротивно на одредбата на членот 34 од овој закон."

Член 10

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", освен одредбите од членовите 2, 3 и 4 на овој закон, кои ќе се применуваат од 1 септември 2007 година.

---

## L I G J
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR DREJTORINË DOGANORE

Neni 1

Në Ligjin për Drejtorinë doganore ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 46/2004 dhe 81/2005), në nenin 2 pas pikës 10, shtohet pikë e re 11 si vijon:

"11) Kundërvajtjet doganore janë kundërvajtje të përcaktuara me këtë ligj, Ligjin doganor, Ligjin për masa doganore për mbrojtjen e të drejtave nga pronësia intelektuale dhe/ose ligje tjera me të cilët kundërvajtje të caktuara i janë dhënë në kompetencë Drejtorisë doganore."

Neni 2

Në nenin 10 pika 5 ndryshon si vijon:

"5) mbajtja e procedurës për kundërvajtje, kumtimi i sanksionit për kundërvajtje dhe masës së veçantë për kundërvajtje për kundërvajtje e bërë doganore, në pajtim me ligjin, si dhe ngritjen e procedurës sipas veprave penale të përcaktuara me ligj."

Neni 3

Pas nenit 10 shtohet neni i ri 10 (a), si vijon:

"Neni 10 (a)

(1) Për mbajtjen e procedurës për kundërvajtje dhe kumtimin e sanksioneve për kundërvajtje dhe masës së veçantë për kundërvajtje për kundërvajtje të bërë doganore, kompetencë ekskluzive ka organi doganor për kundërvajtje.

(2) Organ doganor për kundërvajtje nga paragrafi 1 të këtij neni është Drejtoria doganore, ndërsa procedurën para organit për kundërvajtje e mban Komisioni për vendimmarrje sipas kundërvajtjes.

(3) Kryetari dhe anëtarët e Komisionit nga paragrafi 2 të këtij neni janë nëpunës doganorë, juristë të diplomuar, ndërsa kryetari është jurist i diplomuar me provimin e dhënë të jurisprudencës.

(4) Komisioni nga paragrafi 2 të këtij neni është njësi organizative e veçantë e Drejtorisë doganore e përcaktuar me Aktin nga neni 11 dhe neni 51 paragrafi 2 të këtij ligji. Për kryetarin dhe anëtarët e këtij Komisioni në mënyrë adekuate zbatohen dispozitat nga neni 67 paragrafi 3 të këtij ligji.

(5) Me Aktin nga paragrafi 4 të këtij neni, përcaktohet edhe mënyra e punës dhe procedura gjatë marrjes së vendimeve të Komisionit nga paragrafi 2 të këtij neni.

(6) Komisioni nga paragrafi 2 të këtij neni duke vepruar në procedurën për kundërvajtje, i zbaton dhe vendimet e veta të marra në pajtim me Ligjin për kundërvajtje dhe Ligjin për procedurë të përgjithshme administrative."

Neni 4

Pas nenit 28 shtohet neni i ri 28 (a), si vijon:

"Neni 28 (a)

(1) Pas zbulimit të kundërvajtjes doganore nëpunësi doganor është i obliguar të përpilojë procesverbal në të cilin i shënon elementet e rëndësishme të veprimit nga e cila del karakteri juridik i kundërvajtjes, koha, vendi dhe mënyra e kryerjes së kundërvajtjes, përshkrimi i veprimit dhe personat e hasur në vendin e ngjarjes. Procesverbalin e nënshkruan nëpunësi doganor dhe kryerësi.

(2) Nëpunësi doganor menjëherë pas përpilimit të procesverbalit nga paragrafi 1 të këtij neni kryerësit do t'i dorëzohet ftesë për pagimin e gjobës, ndërsa kryerësit i cili do ta pranojë kundërvajtjen doganore që i vihet në barrë do t'i jepet urdhërpagesë, në pajtim me ligjin. Pranimin e ftesës ose të urdhërpagesës kryerësi e konstaton me nënshkrimin e vet.

(3) Nëse kryerësi nuk e paguan gjobën nga ftesa dhe urdhërpagesa nga paragrafi 2 të këtij neni në afat prej 8 ditësh nga dita e pranimit, nëpunësi doganor është i obliguar që menjëherë ta parashtrojë kërkesën për ngritjen e procedurës për kundërvajtje te Komisioni i përcaktuar në nenin 10 (a) të këtij ligji.

(4) Nëpunësi doganor është i obliguar që t'i pengojë secilën shkuarje për shkak të qëndrimit në vend të huaj kryerësit cili nuk do ta paguajë menjëherë gjobën e kumtuar me prezantimin e vërtetimit për gjobën e paguar. Për këtë qëllim nëpunësi doganor përkohësisht mund ta marrë dokumentin e udhëtimit dhe lejen e vozitjes, por jo më gjatë 30 ditë, për çka jep vërtetim të përcaktuar me nenin 37 paragrafi 5 të këtij ligji.

(5) Ministri i Financave e përcakton formën dhe përmbajtjen e procesverbalit nga paragrafi 1 të këtij neni, si dhe formën dhe përmbajtjen e ftesës dhe urdhërpagesës nga paragrafi 2 të këtij neni."

Neni 5

Në nenin 67, pas paragrafit 3, shtohet paragrafi i ri 4 si vijon:

"(4) Vendet specifike të punës nga paragrafi 3 të këtij neni, i përcakton Qeveria e Republikës së Maqedonisë."

Paragrafët 4 dhe 5, bëhen paragrafi 5 dhe paragrafi 6.

Neni 6

Në nenin 73 paragrafi (5) në fjalinë e dytë fjalët: "në afat prej një viti nga dita e bërjes së cenimit" zëvendësohen me fjalët: "më së voni deri në skadimin e afateve për parashkrim të përcaktuara në Kodin penal, për veprën e bërë penale".

Neni 7

Në titullin e Kreut IX, fjala "NDËSHKUESE" zëvendësohet me fjalën "PËR KUNDËRVAJTJE".

Neni 8

1) Në nenin 77 paragrafi 1, fjalët: "Me dënim me para prej 100000 deri në 300000 denarë do të dënohet për kundërvajtje" zëvendësohen me fjalët, "Gjobë në shumë prej 200 deri në 50000 euro me kundërvlerë në denarë do t'i kumtohet për kundërvajtje".